Република Македонија

УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# 2008

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# Годишен извештај 2008

Март, 2009 година

# СОДРЖИНА


ОБРАЌАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ ........ 2

ПРОФИЛ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ ........ 3

МИСИЈА и ВИЗИЈА ........ 4

ОРГАНИЗАЦИЈА ........ 5

ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........ 7

ФИНАНСИРАЊЕ НА УЈП ........ 9

УЈП НА НАЦИОНАЛЕН И МЕЃУНАРОДЕН ПЛАН ........ 11

КАКО НЕ ГЛЕДААТ ОНИЕ ЗА КОИ ПОСТОИМЕ ........ 13

КАКО ГИ ОСТВАРУВАМЕ СТРАТЕГИИТЕ ........ 15

КАКВИ РЕЗУЛТАТИ ПОСТИГНАВМЕ ВО 2008 ГОДИНА ........ 23

- Регистрација и услуги на даночни обврзници ........ 23
- Обработка на пријави, утврдување на данок и постапки на наплата ........ 25
- Постапки на надворешна контрола ........ 28
- Други активности на УЈП ........ 29

НАПЛАТА ........ 30

- Данок на добивка (ДД) ........ 32
- Персонален данок (ПДД) ........ 33
- Данок на додадена вредност (ДДВ) ........ 34
- Акцизи ........ 35

СТАТИСТИКА ........ 38

# ОБРАЌАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ

*Почитувани,*

*Предавањето на Годишниот извештај за работењето на Управата за јавни приходи за 2008 година на увид на јавноста претставува манифестација на јавност и отчетност за постигнатите резултати. Во текот на целата година, работевме на остварување на зацртаните стратегии, а сега останува стручната и пошироката јавност да процени дали резултатите се соодветни на очекувањата.*

*Во 2008 година го продолживме континуитетот на модернизација во сите сфери почнати во претходните години. Интензивно работевме на создавање на организацискиот лик на УЈП и на обезбедување на административни капацитети.*

*2008 година е година во којашто вложивме многу напори, средства, целиот наш потенцијал, за да ги извршиме подготовките и во 2009 година да овозможиме реализација на најголемите реформи на Управата во последните години. За таа цел го завршивме и процесот на реорганизација на УЈП по функционална основа и ги децентрализиравме функциите што имаат потреба од близок контакт со даночните обврзници. Конечно, 2008 година ја одбележа исполнување на долгогодишниот стремеж на вработените во УЈП, да се стекнат со статусот на даночни службеници, со што се издига на висок степен одговорноста на даночниците во исполнување на основната функција на УЈП во утврдувањето и наплатата на јавните приходи.*

*Од први јануари 2009 година во Република Македонија се воведува бруто-принципот на пресметка на плата, а Управата за јавни приходи станува надлежна за утврдување, наплата и контрола на социјалните придонеси од плата што ќе почне да ги администрира преку сите свои организациски делови во земјата. Со оваа активност стануваме институција што во вистинска смисла станува одговорна за обезбедување на средствата за функционирање на државата, бидејќи обезбедуваме 73 проценти од годишните буџетски планирани приходи. Паралелно со имплементирањето на “интегриранаta наплата“, почетокот на 2009 ќе ја одбележи и почетокот на водењето на прекршочни постапки за сторените прекршоци во наша надлежност, за што во текот на 2008 обезбедивме правна основа, организациски и кадровски услови.*

*Ваквата одговорност претставуваше стимул за сите вработени, без соодветно зголемување на сите потребни ресурси да ги извршиме подготовките и колку што е можно поподготвени да излеземе пред даночните обврзници во 2009 година.*

*Подготвувајќи се за реализација на новите задачи, не ја запоставивме нашата основна цел – успеавме да ги оствариме даночните приходи во нешто помал обем од планираните, но сепак за повеќе од 11 проценти од остварените во претходната година.*

*Сметам дека сето ова е добра основа за натамошен развој и јакнење на административните капацитети на Управата за јавни приходи, согласно европските и светските стандарди.*

*Директор*
*Горан Трајковски*

# ПРОФИЛ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

## ПРАВНА РАМКА

Акт за основање на Управата за јавни приходи (УЈП) во Република Македонија е Законот за Управата за јавни приходи (објавен во Службен весник на РМ бр. 80 од 30.12.1993 година и во примена од 01.01.1994 година). Со донесување на овој закон, постојната Републичка управа за приходи и нејзините подрачни органи – одделенијата за даноци и одделенијата за инспекција – продолжуваат да работат како Управа за јавни приходи со нов делокруг утврден со овој закон. Новата институција ги презема и ги вклучува во својот состав и вработените од Службата на општествено книговодство на Република Македонија коишто работат на работи на контрола.

Законот за Управата за јавни приходи донесен во септември 2005 година, со измените и дополнувањата од јули 2008 година, претставува правна рамка што ги одредува делокругот, организацијата, начинот на вршење на работата и раководењето, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во врска со работите на УЈП.

Со цел зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето, а пред сè, подобрување на услугите кон даночните обврзници, направените законски промени ѝ овозможуваат на УЈП постепено да ја напушта територијалната надлежност и да премине кон функционална поставеност на организациските единици. Донесена е нова организација на институцијата со соодветни акти, којашто ја поддржува децентрализацијата на функцијата услуги на даночни обврзници и којашто од 2009 година ќе се реализира преку регионалните дирекции, даночните одделенија, но и преку мрежата на даночни шалтери и во исто време преку централизација на функцијата прием и обработка на даночни пријави и присилна наплата на даночните долгови преку развојот на Центарот за обработка на пријави и Центарот за впаричување долгови.

Управата за јавни приходи оперативно ја спроведува даночната политика и врши наплата на даноци и на други јавни давачки врз основа на Законот за даночната постапка и посебните даночни закони и меѓународните договори од областа на даноците; им дава помош на даночните обврзници за исполнување на нивните даночни обврски; го следи и анализира функционирањето на даночниот систем и дава предлози за негово унапредување; соработува со даночни органи од други држави и дава меѓународна правна помош во даночни предмети.

Законот за даночна постапка, донесен во јануари 2006 година, со измените и дополнувањата донесени во јули 2007 година и во јули 2008 година, ги регулира општото даночно право и даночната управна постапка, постапката на утврдување на данокот, постапката на контрола, постапката на наплата на јавните приходи, правата и обврските на даночните обврзници, постапката по жалба, водењето на прекршочната постапка и прекршочните одредби. За негова примена се донесени повеќе подзаконски акти и оперативни инструкции за работа на функциите.

Со наведената правна рамка се обезбедува можност за засилување на административниот капацитет за спроведување на законодавството и за борба против одбегнување на плаќање на даноците.

## *НАШАТА МИСИЈА Е ...*

*Нашата мисија е да обезбедиме висок квалитет на услуги за даночните обврзници и поедноставни даночни процедури за навремено и точно исполнување на обврските и фер и ефикасно собирање на даноците и јавните давачки.*

## *НАШАТА ВИЗИЈА Е ...*

*Зголемувањето на административните капацитети и подигнувањето на квалитативните стандарди за работење на даночната администрација треба да обезбеди Управата за јавни приходи да претставува модел на професионална организација во јавниот сектор, како и за приближување кон практиките и стандардите на Европската Унија.*

# ОРГАНИЗАЦИЈА

УЈП функционира единствено на целата територија на Република Македонија, како орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, со статус на правно лице. Своите работи ги извршува според регионална поделба и според големина на даночни обврзници преку: Генерална дирекција со седиште во Скопје, шест регионални дирекции, една дирекција за големи даночни обврзници и дваесет и четири даночни одделенија.

Надлежноста на Генералната дирекција се однесува на координирање, надзор и контрола над работењето и на единствено спроведување на даночната политика и во таа смисла давање на стручна помош и едукација на пониските организациски структури и на функциите на УЈП, следење на примената на меѓународните договори и обезбедување на меѓународна правна помош од областа на даноците и предлагање измени во даночната политика поради унапредување на даночниот систем и поефикасна наплата на даноците.

Со работата на УЈП раководи директор.

За спроведување на надлежностите во Генералната дирекција во 2008 година се организирани три групи сектори:

## СЕКТОРИ НЕПОСРЕДНО ВРЗАНИ ЗА ДИРЕКТОРОТ

- Сектор за работи непосредно врзани за директорот
- Сектор за внатрешна ревизија
- Сектор за правни работи
- Сектор за приговор

## СЕКТОРИ ЗА ПОДДРШКА

- Сектор за управување со човечки ресурси и едукација
- Сектор за информатичка и комуникациска технологија
- Сектор за буџет и финансии
- Сектор за општи работи

## СЕКТОРИ ПО ФУНКЦИЈА

- Сектор за услуги на даночни обврзници и даноци
- Сектор за утврдување и наплата на данок
- Сектор за надворешна контрола
- Сектор за присилна наплата
- Сектор за стратешко планирање и развој, анализа и статистика

## ВО 2008 ГОДИНА СЕУШТЕ ФУНКЦИОНИРА СЛЕДНАТА ОРГАНИЗАЦИОНА ШЕМА НА УЈП



# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

## *ПОВЕЛБА ЗА ПРАВАТА НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ...*

- *Тајност и доверливост*
- *Професионална и коректна услуга*
- *Подеднаков третман на сите даночни обврзници*
- *Плаќање на вистинскиот износ на данок*
- *Ефикасно работење*
- *Избор за контрола според утврдени критериуми*
- *Право на жалби и судска ревизија*

## *КОДЕКС НА ЕТИКА НА ДАНОЧНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ*

*Етичкиот кодекс ги содржи правилата на однесување на даночните службеници и е важен инструмент за зајакнување и обезбедување на професионалната државна служба. Во кодексот се пропишани стандардите на однесување на вработените и се даваат насоки и упатства за решавање на етичките прашања и дилеми на даночниот службеник.*

Вкупниот број на вработени лица во УЈП со состојба 31.12.2008 изнесува 1.254

### *Образовна структура*

- **52,3%** - 656 со високо образование (ВСС)
- **14,3%** - 179 со вишо образование (ВШС)
- **32,3%** - 405 со средно образование (ССС)
- **1,1%** - 14 со основно образование

### *Старосна структура*

- **11,1%** - од 20-34 години
- **34,1%** - од 35-49 години
- **48,5%** - од 50-59 години
- **6,4%** - над 60 години




Неповолната старосна структура на вработените, но и релативно високата застапеност на високообразованиот кадар, во 2008 година се подобрува со вработување на 51 лице со високо образование од различни профили (економисти, правници, информатичари), со што се воспоставува нов квалитет во структурите.

### *Структура на вработени по регионални дирекции*



### *Јавен над приватен интерес*

*Наплатата на даноците е работа од јавен интерес што од даночните службеници бара да ја изразат својата лојалност кон Уставот, законите и етичките принципи и нив да ги ставаат над своите приватни интереси.*

*Даночниот службеник е должен да се раководи по начелото на еднаквост и да обезбеди фер третман и услуги на даночните обврзници, без да дава привилегија по основа на етничка припадност, политички ставови, националност или според други карактеристики.*

### *Судир на интереси*

*Вработениот не смее да ја користи својата службена позиција за остварување на личен интерес и треба да ја избегнува можноста за настанување судир на интересите. Јавниот интерес е поширок општествен интерес за општото добро и напредокот на сите граѓани под еднакви услови. Тој може да биде загрозен доколку настане судир и притоа надвладее приватниот интерес.*

### *Транспарентност*

*Транспарентноста подразбира обезбедување јавност и воспоставување практика на информирање и отворена комуникација со јавноста за работењето и функционирањето на УЈП.*

### *Екипираност на функциите во УЈП со човечки потенцијал*

Утврдување и наплата на данок................................484 вработени
Надворешна контрола...............................................321 вработени
Регистрација и услуги на
даночни обврзници...................................................180 вработени
Правни работи и приговори........................................34 вработени
Информатичка и комуникациска
технологија...............................................................27 вработени
Стратешко планирање, анализи и
мерење учиноци.........................................................20 вработени
Служби поврзани со директорот.................................34 вработени
Други.........................................................................154 вработени

ВКУПНО.................................................................1.254




### *Признанија и награди на вработените*

Врвен интерес на Управата за јавни приходи е подобрување на состојбата на човечките ресурси од сите аспекти. Цел ни е да станеме место што ќе биде посакувано за вработување на младите перспективни кадри на коишто ќе можеме да им ветиме можност за кариера, стекнување знаења и умеења и нивно континуирано унапредување, стекнување искуства во земјата и надвор од неа за современите работни процеси, поддршка во работата и пријателски однос, стабилност и сигурност и економско задоволство еднакво на резултатите.
Празникот на даночните работници, Свети Матеј - заштитникот на даночниците, беше прославен со доделување плакети за професионалност и ефикасност во работата во 2008 година на вработените во Секторот за стратешко планирање и развој, анализа и статистика од Генералната дирекција и на вработените во Регионалната дирекција Штип коишто последните две години ги посветија на реализација на програмите од Пилот-проектот за унапредување на работењето со малите и средните даночни обврзници.
Награди за покажаната професионалност и ефикасност во работата во 2008 година беа доделени на 10 вработени лица, а на 15 пензионирани лица им беа доделени награди за придонесите во нивниот работен век.
На оваа свеченост на регионалните дирекции им беа распределени 20 нови, маркирани возила со логото на УЈП.

# ФИНАНСИРАЊЕ НА УЈП

***Политичка неутралност***

*Политичката неутралност на вработените подразбира нивно дејствување исклучиво врз основа на стручните околности на случајот, а политичката непристрасност на институцијата значи дејствување на начин што не е одреден од ставовите на ниту една политичка партија.*

***Независност***

*Работникот треба да обезбеди лична независност, а работникот е независен кога може самостојно да одлучува и да ги извршува службените задачи, да отфрли секакви влијанија, притисоци, интервенции, закани или индиректно мешање во работата што би ги довело во прашање законитоста и објективноста во вршењето на службените работи.*

***Стручност и професионалност***

*Од даночниот службеник се очекува да поседува внатрешен потенцијал и умеење, кои ќе ги вложи во исполнување на работните задолженија и редовно да го следи и применува она што го нуди секојдневната практика.*

***Тајност на податоците***

*Информациите што се предмет на работење на вработените, се сметаат за даночна тајна, а тоа се сите информации чиешто давање би предизвикало штетни последици и повреда на доверливоста на даночната постапка.*

***Финансирањето*** на УЈП се обезбедува од:

- Буџетот на Република Македонија
- Приходи од склучени договори за вршење на контрола и наплата на јавни давачки
- 25% од приходите од откриени и наплатени даноци и камати
- Други приходи утврдени со пропис

Во 2008 година, УЈП располага со приходи од вкупно 803 милиони денари, од коишто 451 милиони денари (или 56,14%) се добиени од Буџетот на Република Македонија, додека 352 милиони денари (или 43,86%) се сопствени остварени средства. Споредбата со податоците што се однесуваат за 2007 година, покажува дека во 2008 година вкупните приходи се повисоки за 14,8% и дека во структурата на изворите за финансирање е намалено учеството на Буџетот, односно, зголемено е учеството на сопствените средства за 5,17 процентни поени.

Сопствените средства на УЈП се остварени:

- 29,8% по основ на пренесени средства од претходните години како вишок на средства во износ од 105 милиони денари;
- 54,9% по основ на даночни приходи што согласно законот УЈП има право да ги користи, во износ од 193 милиони денари;
- 15,3% по основ на неданочни приходи во износ од 54 милиони денари.

Вкупните расходи на УЈП за 2008 година изнесуваат 645 милиони денари, од коишто 69,92% се надоместуваат од средствата добиени од Буџетот на РМ и 30,08% или 194 милиони денари од сопствените средства. Разликата меѓу износот на приходите од сопствени средства и расходите исплатени од нив во износ од 158 милиони денари се пренесени во 2009 година.

Во структурата на направените расходи учествуваат:

- плати, наемнини и надоместоци со 422 милиони денари или 65,50%,
- стоки и услуги со 177 милиони денари или 27,50%,
- капитални расходи со 27 милиони денари или 4,15%,
- субвенции и трансфери со 18 милиони или 2,86%, и
- останато со 1 милион денари или 0,07%.

85,48% од капиталните расходи се финансирани од средствата од Буџетот, особено при обезбедувањето мебел, опрема, возила и машини, нивниот удел е 95,33%. Наспроти ова, во износот на расходи направени за реновирање на градежните објекти, 97,46% се обезбедени од сопствените средства на УЈП.

Со оглед на значењето на капиталните расходи за развојните процеси на УЈП, најголемиот дел од тие расходи (24 милиони денари или 89,06%) се однесува на набавка на мебел, опрема, возила и машини, додека останатиот дел (3 милиони денари или 10,63%) е поврзан за градежни објекти.

### *Недозволени активности*

*Даночниот службеник не смее да извршува каква било дејност со којашто остварува профит и дејства што се спротивни на правните и етичките норми, без оглед на тоа дали се вршат во работното време или надвор од него.*
*Вработениот може да биде ангажиран само во случаи кога не постои конфликт со неговите службени должности, не се доведува во прашање извршувањето на неговите работни обврски, кога не се нарушува честа на органот и со писмено одобрение.*

### *Подароци и услуги*

*Примањето пари, предмети, права и други услуги без надоместок, го доведуваат вработениот во подредена или зависна позиција во однос на давателот. Вработениот не смее да прими подарок или услуга што би можела да влијае на неговата професионалност.*

### *Злоупотреба на службената положба и овластувања*

*Даночниот службеник не смее да ги користи работното време, авторитетот, информациите и ресурсите за да дава привилегии на даночни обврзници за надоместок и имотна корист за себе или за некое друго лице.*

### *Однос помеѓу вработените*

*Вработениот е должен да се однесува на начин што промовира соработка и добри односи со колегите, љубезност, разбирање, почит без предрасуди.*

## *Ефективност и Ефикасност на работењето*

Во 2007 година, со 1.231 вработен, УЈП има наплатено 61.337 милиони денари даноци, што претставува остварен даночен приход од 49,8 милиони денари по вработен.
Во 2008 година, со 1.254 вработени, Управата за јавни приходи има наплатено 67.006 милиони денари даноци, што претставува остварен даночен приход од 53,4 милиони денари по вработен.

Во 2008 година, во однос на 2007 година, просечниот даночен приход по вработен во УЈП е зголемен за 7,23%.

Во 2007 година се направени вкупни расходи во висина од 594 милиони денари, што во однос на бројот на вработените претставува трошок по вработен од 483 илјади денари.
За постигнатиот резултат, во 2008 година се направени вкупни расходи во висина од 645 милиони денари, што во однос на бројот на вработените претставува трошок по вработен од 514 илјади денари.

Споредбата покажува дека во 2008 година, во однос на 2007 година, степенот на просечните расходи по вработен во УЈП е зголемен за 6,42%.

Зголемениот просечен расход по вработен во 2008 година во однос на 2007 година, во многу нешта може да се релативизира доколку се има предвид дека степенот на растот на тековните расходи и во тие рамки на платите, наемнините и надоместоците е 10,1%, односно е повисок од растот на просечниот расход по вработен што е 8,1%. Покрај ова, треба да се има предвид и дека износот на пренесените средства во 2009 година е повисок за 50,5% од оној што е пренесен во 2008 година.

# УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ НА НАЦИОНАЛЕН И НА МЕЃУНАРОДЕН ПЛАН

## *СИМБОЛИ И ОБЕЛЕЖЈА НА УЈП ...*

*Новото* ***лого*** *на УЈП содржи два триаголника чијашто поставеност изразува баланс и тоа баланс меѓу приходите и расходите, како и меѓу УЈП и даночните обврзници. Елементите и формите, што прават една целина, се во целосна хармонија, а бараниот баланс се потенцира преку сивата боја на едниот (горниот) триаголник, додека кај вториот таа се јавува како насочување на динамиката на црвената боја.*
***Логото*** *ги изразува стабилноста и цврстината на институцијата, а црвената боја, што доминира, ја претставува нејзината транспарентност и динамика.*

*Твој данок, твоја иднина!*




Во текот на 2008 година се засилија сите активности помеѓу владините институции за нивно поврзување во единствен систем за електронска размена на податоци што се од витално значење за извршување на работите од нивната надлежност. Потпишани се протоколи за соработка со дефинирани пакети за размена и сите технички карактеристики по коишто таа се остварува.

Искуството од 2006 година, кога за првпат се воспостави едношалтерскиот систем за регистрација со Централниот регистар на Република Македонија, е драгоцен извор за натамошно проширување на таквите и слични конекции. Сега се интензивира размената со Министерството за финансии, со социјалните фондови, со коишто се воспостави едношалтерски систем за податоците за вработените и за нивните работодавачи и сите податоци за платените социјални придонеси преку коишто фондовите ќе ги остваруваат правата на осигурениците, со Антикорупциската комисија и со Царинската управа. Сите овие врски ја обезбедуваат примарната соработка, но веќе се донесени планови за нивен развој во 2009 година.

Особено е важна соработката со Царинската управа што овозможува проток на витални информации во двете насоки што го обезбедуваат работењето на суштинските функции, детектирањето на ризичноста на обврзниците и збогатувањето на базите на податоци на двете институции.

Управата за јавни приходи е извор на важни податоци и за Заводот за статистика на Република Македонија, особено за оние што ги карактеризираат даночните перформанси на стопанските и другите субјекти потребни за создавање на целосна слика за актуелните состојби. Воспоставена е и соработка со Комисијата за хартии од вредност и со Депозитарот за хартии од вредност, со Министерството за внатрешни работи, со органите во состав на Министерството за еконимија, особено во поглед на контролата на доделените концесии и податоците поврзани со надоместоците за нив.

Во насока на олеснување на процесот за избор на кандидати за аплицирање за користење на ИПАРД-фондовите, договорена е меѓуинституционална соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Управата за јавни приходи има законска надлежност за надзор на работата на органите на локалната самоуправа во поглед на примената на законите за оданочувањето и законитоста на применетите постапки, но како институција што во државата најдолго работи на даночната проблематика, во исто време им дава помош и поддршка.

Како составен дел на Министерството за финансии, УЈП редовно му доставува извештаи, информации, анализи и статистики за состојбите за коишто води евиденции, со цел да го информира за резултатите од оперативното спроведување на законите и да му овозможи да носи навремени и оправдани одлуки за креирањето на даночната политика и планирање на приходите.

Организацискиот дел на УЈП задолжен за меѓународна соработка, ЕУ-интеграции и проекти, ги координира активностите на УЈП во процесот на имплементација на НПАА-Националната програма за усогласување со правото на Европската унија, имплементација на проектите поддржани од меѓународните институции и организации, особено процесите на имплементација на „Проектот за модернизација“ финансиран со грант од Кралството Холандија и техничка поддршка од ММФ, како и соработка на македонската даночна администрација со даночните администрации на другите држави. Во 2008 година се работеше и на USAID-проектот за електронски даночни услуги, UNDP-Електронско книговодство и GTZ-техничка поддршка во процесот на законски измени согласно ЕУ директивите.

Во октомври 2008 година, Директорот на Управата за јавни приходи присуствуваше на Генералното собрание на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка, на коешто беше претставен Проектот за модернизација и постигнувањата на УЈП за времетраењето на техничката поддршка од страна на ММФ. На оваа средба беше договорено соработката помеѓу УЈП и ММФ и техничката поддршка да продолжат за времетраење од една година.

Заради сличните проблеми и развојни состојби, особено е важна соработката со земјите од регионот. Во 2007 година, директорот на Управата за јавни приходи на Република Македонија беше иницијатор за организирање на Првата балканска конференција на даночните администрации којашто се одржа во Скопје. Во 2008 година се одржа Втората балканска конференција на даночните администрации во Тирана-Република Албанија, со што таа прераснува во традиционална средба за размена на искуства и знаења од областите поврзани со администрирањето на даноците и другите јавни давачки.

Еден од основните приоритети на УЈП е целосно усогласување со практиките на даночните администрации на земјите-членки на ЕУ. Во таа смисла, од особена важност е учеството на претставници од УЈП во работата на Поткомитетот за трговија, индустрија и оданочување во Брисел (Белгија).

Меѓународната соработка и размената на искуства и знаења е причина во 2008 година да се реализираат посети од страна на раководството и даночните службеници од УЈП на даночните администрации на Бугарија, Словенија, Унгарија, Турција и Холандија.

Во ноември 2008 година, ИТ-мисија од DG TAXUD беше гостин во Управата за јавни приходи, во која прилика беа презентирани статусите на тековните проекти што се спроведуваат во УЈП. Најголемо внимание беше посветено на состојбата на ресурсите во ИТ-секторот, реализацијата на проектите и можностите за имплементација на VIES и EMCS системите за размена на податоци за данокот на додадена вредност и акцизите со централниот систем на Европската унија.

# КАКО НЕ ГЛЕДААТ ОНИЕ ЗА КОИ ПОСТОИМЕ...

*Со оглед на тоа што го прифаќаме клиентскиот пристап кон даночните обврзници, како дел на програмата за развој на работата на регионалните дирекции што ги администрираат малите и средните даночни обврзници, и во 2008 година продолживме да го следиме нивното мислење за нашата успешност.*
*Во периодот септември-октомври 2008 година, од страна на независна специјализирана компанија е спроведена Анкета за истражување на степенот на задоволството на даночните обврзници од работата на УЈП од различни аспекти:*

- *стандарди во давањето услуги,*
- *ефикасност во работењето,*
- *транспарентност на постапките,*
- *информираност, и*
- *професионален интегритет на вработените.*

*Анкетата е спроведена на репрезентативен број од 700 мали и средни даночни обврзници од целата држава, коишто го претставуваат мислењето на нашите клиенти. Анкетата има за цел да ни помогне да изградиме даночна администрација, којашто е:*

- *ефикасна,*
- *праведна, и*
- *услужно ориентирана.*

*Споредено со анкетата спроведена минатата година, основна оценка е дека оваа година искажаните мислења на анкетираните даночни обврзници покажуваат тренд на благо подобрување на задоволството од работата на УЈП и од односот на вработените кон нив.*

*За да се идентификуваат областите од работата на даночната администрација од коишто произлегуваат тешкотии за даночните обврзници, поставени се следните прашања на коишто потврдните одговори укажуваат на подобрено работење со даночните обврзници во 2008 во однос на 2007 година:*




*За работењето на полето на информираноста и едуцираноста на даночните обврзници за начинот и процедурите на реализација на даночната политика, јасно говорат одговорите на прашањата. На прашањето дали инспекторите објективно ја вршеле контролата на нивното работење, даночните обврзници го дале следниот одговор:*



*На прашањето дали од страна на службените лица од УЈП биле третирани на професионален, културен, почитувачки и љубезен начин, даночните обврзници ги дале следните одговори:*




*Каков е професионалниот интегритет на УЈП во последните 12 месеци?*




*И на крајот, според мислењето на даночните обврзници и како препорака упатена кон УЈП:*

*На кој начин би можело да се зголеми доброволното плаќање на даноците?*



# КАКО ГИ ОСТВАРУВАМЕ СТРАТЕГИИТЕ

## НАШИТЕ СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ СЕ...

***Да ги зајакнеме административните капацитети на Управата за јавни приходи и да создадеме институција што е подготвена да се бори против одбегнувањето на плаќање даноци согласно европските стандарди и да се подготвиме за рамноправно членство во Европската унија.***

По почнувањето со работа на Дирекцијата за големи даночни обврзници, основен приоритет во УЈП претставува осовременувањето на работата на другите организациски делови: регионалните дирекции и даночни одделенија што ги администрираат малите и средните даночни обврзници. Сите проекти што се однесуваат на реализација на Стратегијата за услуги на даночните обврзници, Стратегијата за наплата на даноците и Стратегијата за надворешна контрола и примената на новите методи за планирање, избор и постапки на контрола, наоѓаат соодветна примена во работата со малите и средните даночни обврзници.

*Ја унапредуваме работата со средните и малите даночни обврзници*

Во текот на 2008 година, со цел реализирање на Пилот-проектот за работа со средните и малите даночни обврзници во Регионалната дирекција Штип, обезбедени се и материјално-технички услови за поквалитетно одвивање на работните процеси – почнато е со проширување и адаптирање на дел од канцелариското простор со архитектонски и уредувачки препознатливи стандарди што ќе овозможат целосно спроведување на клиентскиот модел на давање услуги и извршено е хардверско доопремување. За ефикасно остварување на децентрализираната функција на услуги на даночните обврзници, спроведено е реорганизирање на човечките ресурси, нивна реалокација и едуцирање; функцијата услуги на даночните обврзници одржа бројни едукативни средби со даночните обврзници, групации и нивни асоцијации, како и советодавни средби со новорегистрирани даночни обврзници. Ваквите методи на работа како успешен модел се преземаат и од страна на другите регионални дирекции.

*Воведуваме систем на централна обработка на даночни пријави*

Реалокацијата на човечките ресурси во регионалните дирекции што работат со средни и мали даночни обврзници е овозможена и поради извршената централизација на процесите на обработка на даночните пријави за ДДВ и делумно за другите даноци во Центарот за обработка на пријави којшто е организациски подреден на Генералната дирекција.
Целта на централната обработка на даночните пријави е оптимално користење на ресурсите, да ги засили и унифицира критериумите за обработка и корекции на грешки и да ги пренасочи кадрите кон посуштествени процеси. Создадени се просторни, технички и организациски услови за почеток на работа на Центарот за обработка на пријави (ЦОП), но и во следниот период стратешки интерес е неговиот развој во насока на преземање на обработката на сите видови на даночни пријави и негово техничко доопремување.

*Воведуваме интегриран информатички систем*

Моторната сила на целокупниот развој на УЈП претставува новиот и современ информатички систем. Процесот на воведување на нов интегриран информатички систем е почнат со изборот на изведувач на меѓународен тендер и со изготвување на Студијата за информатизација на деловните процеси на УЈП. Новиот ИТ-систем ќе ги опфаќа сите деловни процеси што се извршуваат во УЈП. Извршена е и соодветна набавка на компјутерска опрема. Новиот информатички систем ќе влезе во експлоатација во 2009 година.

*Ги прошируваме функциите и надлежностите на УЈП преку преземање на администрирањето на социјалните придонеси и со воведување на прекршочна надлежност*

Во 2008 година, УЈП ги направи подготовките за најголемата реформа и најголемото проширување на надлежностите. Од први јануари 2009 година, УЈП го презема администрирањето со интегрираните социјални придонеси – придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување, придонесот за задолжително здравствено осигурување и придонесот за задолжително осигурување во случај на невработеност. Правната рамка е обезбедена со донесување на Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување и соодветните подзаконски акти.

Системот за интегрирана наплата на социјалните придонеси и персоналниот данок е всушност едношалтерски систем за регистрација на работодавачите и на нивните вработени и за утврдувањето, контролата и наплатата на придонесите и данокот при функционирање на системот на бруто-плата. Системот го поедноставува процесот на оданочување на платите, сè до поднесување на една пријава за сите обврски до УЈП и на еден платен налог по електронски пат, но ги детализира евиденциите сè до секој поединечно вработен за којшто се водат точни и целосни евиденции за статусот на обврските и нивното плаќање.

До крајот на 2008 година се обезбедуваат просторни, технички и кадровски услови за работа, доградба на софтверските решенија и едукација на вработените. Подготвени се процедурите за работа со соодветни акти и извршена е хармонизација на регистрите и преземање на податоците од фондовите за социјално осигурување. Изграден е клиентски софтвер и извршена е негова дистрибуција до работодавачите. Подготвени се едукативни материјали за едукацијата на работодавачите, спроведени се бројни едукации на работодавачите за начинот на пополнување на електронските обрасци, користењето на клиентскиот софтвер, приспособувањето на системите во електронска форма и вршено е тестирање на текот на процесите преку тест шалтери на УЈП. Заради обезбедување на целосно функционирање на системот, извршена е обука и на носителите на платниот промет.

Втор значаен реформски процес што е почнат во 2008 година, а што ќе се ефектуира од 2009 година, е воведувањето на прекршочната надлежност во УЈП, што значи водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочни санкции.
Правната рамка за овие активности е обезбедена со изменување и дополнување на Законот за даночна постапка што овозможи донесување процедури и формирање комисии за водење на прекршочните постапки и соодветна едукација на вработените.
Преземањето на оваа надлежност од судовите ќе значи зголемување на ефикасноста и ефективноста на постапките на казнената политика што произлегува од незаконското спроведување на даночната политика.

*Го унапредуваме системот на внатрешна ревизија*

Во 2008 година значајно е унапреден и системот на внатрешна ревизија како независна, објективна и консултативна активност што има за цел намалување на клучните ризици и управување со нив, како и унапредување на системот на внатрешни контроли, со што се подобрува работата на институцијата и се остварува нејзината цел.
Внатрешната ревизија работи врз основа на програма за вршење ревизија и во постапките ги применува меѓународните стандарди. Донесена е Повелба за внатрешна ревизија во којашто е вградена политиката за внатрешна ревизија, како документ што го регулира процесот и донесен е акт за процедурите за подготовка и за вршење ревизија. Извршено е доекипирање со кадри и нивно соодветно континуирано едуцирање.

Како дел од структурата на Министерството за финансии, внатрешната ревизија на УЈП во соработка со внатрешни ревизори од други институции, покрај задачите во својата институција изврши и ревизија на регуларноста и функционирањето на внатрешните контроли во процесот на задолжување со јавен долг за 2008 година, ревизија на процесот на трансфер на средства за поддршка на социјалните фондови во Министерството за труд и социјална политика и учество во внатрешна ревизија на процесот за пензионирање по основа на старосна пензија, во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Со тоа се зајакнаа знаењата и капацитетите на внатрешната ревизија на УЈП.

Во 2008 година особено внимание се посветува на изградба на системите за управување со процесите и мерење на учиноците согласно утврдените стандарди за работа. За таа цел е изграден систем на информирање преку менаџерски извештаи, анализи, извештаи за остварување на плановите и статистики, погодни за помош и насочување на менаџерите за управување со основните функции на УЈП и особено за мерење на остварените стандарди на работењето во поглед на нормираните. Воспоставениот систем е добра основа за натамошен развој на овие активности.

## Да обезбедиме зголемено ниво на даночните приходи во Буџетот на Република Македонија поради обезбедување на функциите на државата

*Идентификување на нерегистрираните даночни обврзници и нивно вклучување во легалниот даночен систем на Република Македонија*

Основна цел и приоритет е намалување на сивата економија и проширување на базата за оданочување со вклучување на нерегистрираните даночни обврзници коишто извршуваат оданочливи активности во легалниот даночен систем на Република Македонија.

Во текот на 2008 година се спроведува планот и процедуралните акти за начинот на откривање на нерегистрирани даночни обврзници и се преземаат мерки за откривање, регистрирање и едукација на нерегистрираните даночни обврзници. Изготвена е и брошура „Како да се заштитиме од и да постапиме против сивата економија“, којашто има за цел информирање на јавноста, даночните обврзници и даночните работници за состојбите на нелегалното стопанисување и начинот на работа на УЈП за да го спречи тоа. Сето тоа резултира и со зголемување на бројот на заеднички контроли со другите надлежни инспекциски органи што носи и соодветни резултати.

*Ја зајакнуваме наплатата на даночните долгови*




Во борбата за одбегнување на плаќање данок, соодветно место зазема и Стратегијата за наплата и зајакнување на методите на управување со долгот. Во Генералната дирекција на УЈП е формиран Комитет за забрзана наплата на даночните долгови којшто изготви Акциски план за работа до крајот на 2008 година во којшто се дефинирани целите како предуслови или директни активности за наплата на долгот. На ова тело во куси временски интервали му реферираа комитетите од регионалните дирекции и ДГДО формирани од нивните најодговорни лица и директните извршители на потребните активности. Оценка е дека многу од поставените цели се постигнати, но борбата против неплаќањето даноци продолжува и во 2009 година.

УЈП настапува со сопствен добар пример за почитување на законите и ја промовира „Златната карта". За таа цел е направена селекција на големи даночни обврзници според дефинирани критериуми и извршен е избор за нејзино доделување. Со доделувањето на оваа карта, УЈП не повластува за плаќање или враќање данок, туку симболично ги наградува даночните обврзници коишто се редовни и доследни во исполнувањето на даночните обврски и го применуваат електронското доставување на даночните пријави.

*Ги зајакнуваме капацитетите на надворешната контрола преку воведување на современи методи и постапки*

Иако УЈП го промовира и поттикнува доброволното плаќање на даноците како примарен начин на наплата, сепак, надворешната контрола со своите механизми на функционирање се грижи за подигнување на нивото на даночната дисциплина и законското постапување. Во 2008 година интензивно се работи на зголемување на ефективноста и ефикасноста на надворешната контрола и создавање услови за правилен избор за контрола само на ризичните даночни обврзници.

Кон крајот на 2007 година се имплементирани и софтверски интегрирани 28 нови критериуми за ризичност кај данокот на додадена вредност и од почетокот на 2008 година заедно со информациите добиени од трети страни, како и со ограничена примена на методот на случаен избор, УЈП ги селектира ризичните даночни обврзници коишто би биле предмет на контрола. Со ваквиот начин на селекција на даночните обврзници за контрола, се обезбедува објективност при изборот, рационално користење на ресурсите, фокусираност кон ризичната категорија на даночни обврзници и се зголемува задоволството на даночните обврзници од пристапот на УЈП.

Воведени се и нови методи на контрола со кореспонденција и канцелариска контрола тестирани во РД Штип, нивните резултати се анализирани и како добри практики тие ќе бидат користени и во другите регионални дирекции. Контролата се унапредуваше со примена на „торбата на алатки за контрола" – тригодишни споредбени анализи на финансиските извештаи, даночните пријави и финансиските индикатори. Овие алатки ќе се користат во подготовка на контрола, со цел да се утврди тежиштето на контролата, рационално да се користи времето и да се подобрат ефектите од контролите.

Во текот на 2008 година беше имплементирана и програмата „Карактеристики на даночни обврзници" којашто ги обезбедува сите најважни информации за еден даночен обврзник, со што се добиваат сите важни информации за навремено откривање на ризичните даночни обврзници, основачи, управители и учесници во измамнички активности.

Во текот на 2008 година, со цел да се унапредат вештините за контрола на данокот на добивка извршени се едукации на инспекторите од четири регионални дирекции, а програмата продолжува да се спроведува и во 2009 година. Целта на овие обуки е да се подобрат вештините на инспекторите за препознавање на параметрите во финансиските извештаи, даночните пријави и други податоци и информации што меѓу себе не кореспондираат и што можат да водат кон утврдување неправилности и незаконитости кај одреден даночен обврзник. Исто така, на овие обуки се даде можност инспекторите да се запознаат со начинот на работење во овој домен и во други даночни администрации.

Во текот на 2008 година се почна со развивањето на новиот метод и новата техника за контрола на ДДВ, што сè уште се во фаза на доградување и тестирање, а паралелно се прават и подготовки за развивање на ваков метод и ваква техника на контрола и за другите видови даноци.

Новите методи и техники на контрола се очекува да обезбедат унифициран и современ начин на вршење контрола и подобрен квалитет и ефекти од контролите. За целосно имплементирање на овие методи и техники за контроли е потребно целосно техничко опремување на инспекторите, што е во фаза на реализирање.

Покрај наведеното, во 2008 година се развива и метод на контрола за борба против корупцијата и непријавување даноци, перење пари и други казнени дела и се извршува соодветна едукација на вработените.

Во исто време, со воведување на новите методи и алатки се работи и на утврдување и воведување на стандардите за мерење и оценување на квалитетот на работата. Целта на овој модел е да се следи примената на воведените процедури за квалитетно извршување на контролата и отстапувањето од просечното пропишано време за вршење на контролата.

## *Подобрување на услугите кон даночните обврзници*

*Да го подигнеме степенот на свесноста на даночните обврзници за нивната социјална улога во општеството*

Нашата цел е да го зголемиме разбирањето на даночните обврзници и на јавноста за даночниот систем, функцијата на даноците и потребата од нив за секоја современа држава.

За остварување на целта, спроведени се широки медиумски активности за информирање на граѓаните за даночниот систем и за потребата од плаќање даноци и во тие рамки се издадени и пишани материјали, брошури, соопштенија и сл.

Реализирана е широка медиумска кампања за поднесување на Годишната даночна пријава и Годишниот извештај на исплатителите на приходи, што резултира со пораст на пријавувањето на персоналниот данок на доход за вкупно остварените приходи во 2007 година од големи размери во однос на претходната година.

Во текот на целата 2008 година се објавувани написи за оданочување на одделни видови приходи и за одделни даноци, соопштенија за конкретни прашања од оданочувањето и тематски брошури.

Со цел зголемување на транспарентноста во работењето и создавање заедништво со работната практика во креирањето на работните процедури и практикувањето на даночната политика, формиран е Советодавен одбор на даночни обврзници на Република Македонија и изготвен е Правилник за неговата работа.

*Да ги оспособиме и охрабриме даночните обврзници доброволно да ги исполнуваат нивните даночни обврски без интервенции на УЈП*

Во односите со сите даночни обврзници целиме кон развивање на партнерски однос. Нашата цел е да се постигне степен на едуцираност на даночните обврзници, што ќе им овозможи доброволно исполнување на даночните обврски за што е донесена и се спроведува Стратегијата за услуги на даночните обврзници. За обезбедување на правилна примена на законите, давани се мислења по поставени прашања (писмени, по телефон, по е-пошта) и остварувани се директни средби со даночните обврзници, но и повеќе едукативни средби со овластени сметководители коишто го помагаат даночното работење на поголем број обврзници.




Во 2008 година се привршуваат сите активности околу почнување со работа на Контакт-центарот на УЈП за давање услуги на даночните обврзници, како што се направените вработувања и едукацијата за таа цел, ажурирање на базата на знаење согласно новите измени во законските прописи, опремување на просторот и инсталирање на опремата. Контакт-центарот ќе почне со работа на почетокот на 2009 година.

*Да обезбедиме висок степен на развој на електронските услуги*

Електронските услуги како можност за брза, безбедна и економски најповолна комуникација на даночните обврзници со УЈП, во 2008 година се надоградуваат и се развиваат. Електронското доставување на даночните пријави е технички овозможено за сите даночни обврзници коишто се администрираат во ДГДО, но и за малите и средните даночни обврзници од другите регионални дирекции. Оваа можност сѐ уште не е широко прифатена, но со воведување на интегрираниот ИТ-систем во 2009 година УЈП повеќе ќе инсистира на примената.




Подготвувајќи ја најголемата реформа во последните години, воведувањето на едношалтерскиот систем за интегрирана наплата на социјалните придонеси од плата и персоналниот данок, УЈП ги направи подготовките за електронско поднесување на интегрираните пријави. Со помош на клиентски софтвер, сите податоци од пријавите се искажуваат по вработено лице, овозможена е нивна брза електронска проверка и одобрување на исплатата со електронски налог. Методот е многу софистициран и надежите на УЈП се дека ќе ги задоволи планираните потреби.

Креирана е и ставена во употреба нова интернет-страница на УЈП којашто навистина го претставува новото лице на УЈП. Интернет-страницата ги дава сите податоци за УЈП, ажурирана е во секој момент, дава многу соопштенија, информации, контакти, податоци... На неа даночните обврзници можат да ги најдат одговорите на своите прашања, да прочитаат текстови поврзани со оданочувањето на различни теми, можат да ги најдат сите обрасци што им се потребни за комуникацијата со УЈП и упатствата за нивно пополнување, објаснувања на процедурите за постапување на УЈП...

Нашата цел е со грижата за човечкиот потенцијал да овозможиме УЈП да стане посакувано место за работа за луѓе со високи потенцијали. Затоа е изготвена Програма за утврдување на насоките за развој на човечките ресурси, во којашто особено место зазема едукацијата на вработените за даночната проблематика, за процесите и процедурите за работа и воопшто за обезбедување на потребниот професионален интегритет и стручни знаења на вработените.

*Систематска насочена едукација за даночната проблематика и работните процеси*

Во текот на годината вработени од УЈП присуствува на повеќе семинари, работилници, форуми и студиски посети во странство, со што се сознаваат и црпат искуствата од современите даночни администрации. Особено е важно учеството на работилниците, форумите и тематските работни групи организирани од ИОТА, студиските посети на даночните администрации во Кралството Холандија, Финска, Норвешка, Турција, Бугарија, Словенија, Чешка, Унгарија и Германија. Претставници на УЈП учествуваа на семинари за организираниот криминал, за перење пари, на состаноци на Поткомитетот за индустрија, трговија и оданочување во Брисел и сл.

Внатрешните ревизори учествуваа во работилница за утврдување ризици, нерегуларности и изградба на концепти за поддршка на децентрализирано управување со помошта за Република Македонија. Извршена е обука за внатрешна ревизија за почетници, особено за ревизија на проектите финансирани од ИПА-фондовите и на процесот на јавни набавки.

*Соодветно праведно и мотивирачко наградување*

Во 2008 година, со соодветни измени и дополнувања на Законот за УЈП, покрај реорганизацијата на УЈП, за вработените е обезбеден статус на „даночни службеници“, по што се изготвени и сите потребни акти. Новата организација обезбедува поголема кадровска и финансиска самостојност на институцијата, а новиот статус на вработените им обезбедува професионална посебност и нов систем за процена на трудот и негово наградување. Во таа функција е формирана Комисија за награди и признанија за вработените.

*Интегритет на вработените, дефиниран во Етичкиот кодекс*

Донесен е Кодекс на етика на даночните службеници за принципите на професионалност и законитост во работењето и одговорност за нивното непочитување. За остварување на Кодексот беа организирани и соодветни едукации на вработените. Во рамки на активностите поврзани за интегритетот на вработените, од значење е и работењето на внатрешната контрола за што е донесена Нацрт-инструкција.

За согледување на задоволството на вработените од видот, начинот и обемот на мерките за модернизација што се спроведуваат во УЈП и информираноста и учеството на вработените во таквите активности, се спроведе Анкета меѓу репрезентативен број вработени. Иако резултатите од анкетата се позитивни, се направија препораки за натамошно подобрување на информираноста и ангажираноста на вработените во таквите процеси.

*Одбегнување на двојното оданочување или неоданочувањето*

Во делот за примена на меѓународните договори за одбегнување на двојното оданочување, посебен акцент е ставен на реализација на даночните обврски од задржаниот данок за странски правни лица. На интернет-страницата на УЈП се објавуваат сите промени во врска со договорите за одбегнување на двојно оданочување, како и усогласените мислења и одговори на поставените прашања од страна на даночните обврзници; редовно се следат ратификувањата на договорите и тие се објавуваат на интернет-страницата.

*Размена на податоците за даночни измами*

Со цел спречување на даночни измами и финансиски криминал во меѓународни рамки, вршена е размена на податоци со даночни администрации од други земји – до странски даночни администрации УЈП упати седум барања за податоци и по сите доби одговор, а од странски даночни администрации прими девет барања и спроведе по нив пет постапки.

# КАКВИ РЕЗУЛТАТИ ПОСТИГНАВМЕ ВО 2008 ГОДИНА

## РАБОТАТА НА ФУНКЦИИТЕ НИЗ БРОЕВИ...

### *РЕГИСТРАЦИЈА И УСЛУГИ НА ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ*

Регистрација и услуги на даночните обврзници е функција што во моментот и перспективно се развива низ процес на широка децентрализација. Цел е преку оваа функција УЈП да биде присутна со своите информации, едукации, помош и насочувања и до последниот даночен обврзник во државата за да го подучи и охрабри самостојно да ги исполнува своите даночни обврски и доброволно да ги пријавува даноците.

***Со давањето на подобри услуги во вид на точна и навремена информација и едукација, работиме на создавање на социјално свесни даночни обврзници коишто го разбираат даночниот систем и функцијата на даноците.***

***Функцијата регистрација и услуги на даночни обврзници се извршува со 180 вработени***

Создадени се услови овој број во 2009 година да биде значајно зголемен во согласност со новата организација на УЈП и процесот на децентрализација на функцијата. Кадровски екипирана, функцијата ќе биде во можност:

- Да го стави во функција Контакт-центарот за којшто во текот на целата 2008 година се вршеа сите потребни подготовки: вработување кадар, ажурирање на базата на знаење, просторни и технички услови... Преку Контакт-центарот директно ќе се остваруваат сите видови услуги кон даночните обврзници, но и телефонски и електронски контакти со обврзниците од целата држава.
- Да спроведува услуги кон даночните обврзници и преку даночни шалтери што континуирано ќе се отвораат во сите општини на територијата на Република Македонија.
- Да почне со активна реализација на проектот Индустриско партнерство со одбрана стопанска дејност за којашто се извршени соодветни подготовки во 2008 година. Цел на проектот е зголемување на нивото на придржување кон законските обврски на даночните обврзници што припаѓаат на определена стопанска гранка и пораст на доброволното плаќање на даноците, преку преземање на различни информативни, едукативни и на крајот и контролни активности и обезбедување на статистичка база на податоци.

Иако функцијата располага со недоволен број вработени, јасната визија за поставените цели придонесува да се остварат повисоки резултати.
Особено е висок бројот на работните средби организирани со даночните обврзници или со нивни асоцијации на спорни теми или на новости што произлегуваат од промените во даночните закони или воведување на нови закони, како што се прописите за интегрираната наплата на персоналниот данок и социјалните придонеси, воведувањето на данокот на вкупен приход за малите даночни обврзници, оданочувањето на земјоделците, такси-возачите, адвокатите и други професии.
Особено се значајни советодавните и информативните посети кај малите даночни обврзници коишто сè повеќе стануваат пракса, особено кај оние што почнуваат со работа и имаат потреба од повеќе совети и информации за даночните постапки.
Во 2008 година се спроведоа и забележителен број на семинари, а од особено значење се семинарите организирани во сите поголеми градови на државата што се однесуваа на интегрираната наплата на социјалните придонеси и персоналниот данок и на коишто учествуваа над 3.000 работодавачи.

| **КОНТАКТИ СО ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ** | |
|---|---|
| Во писмена форма | 4.123 |
| Телефон | 39.250 |
| Е-пошта | 1.044 |
| **ЕДУКАТИВНИ ПРОГРАМИ** | |
| Семинари | 98 |
| Работни средби со даночните обврзници во РД/ДГДО | 9.795 |
| Советодавни и информативни посети кај даночните обврзници | 3.261 |

**УЈП во 2008 година администрира со 133.570 даночни обврзници регистрирани во правна форма: како правни лица или трговци поединци, вршители на одредени професии коишто даваат правни и други интелектуални услуги, занаетчии или други самостојни вршители на дејност.**
**Во 2008 година значајно е зголемен бројот на граѓани коишто ги пријавија своите вкупни годишни приходи за коишто во текот на годината исплатителите го плаќале данокот по одбивка или даночните обврзници го плаќале аконтативно или во одредени случаи воопшто не го плаќале.**
**За таа цел, УЈП утврдуваше годишен персонален данок на доход за 120.396 граѓани-даночни обврзници.**

**Во 2008 година Управата за јавни приходи администрира со 133.570 даночни обврзници со:**

- **статус на правни лица** **112.564**
- **статус на самостојни вршители на дејност** **21.006**

новорегистрирани даночни обврзници - [пораст 2008/07 4,6 %]

- правни лица 11.469
- самостојни вршители на дејност 2.564

дерегистрирани даночни обврзници - [пораст 2008/07 10,7 %]

- правни лица 4.209
- самостојни вршители на дејност 1.858

број на даночни обврзници / граѓани - [пораст 2008/07 619 %]

- 2008 120.396
- 2007 19.447

Во 2008 година, бројот на граѓани-даночни обврзници на персонален данок на доход од вкупно остварен годишен приход, по чиишто доброволни пријави или по службена должност УЈП изврши утврдување на годишна даночна обврска, се 120.396. Во 2007 година утврдувања на данокот се извршени по 19.447 доброволни и службени пријави.

**Посебни даночни регистрации**

**На 31.12.2008 регистрирани за целите на ДДВ** **35.302**

- новорегистрирани ДДВ обврзници 4.957
- дерегистрирани ДДВ обврзници 2.650

**Регистрирани обврзници за данок на вкупен приход** **23.562**

**Согласно Законот за регистрација на готовинските плаќања, во периодот 2002-2008 година фискализирани се :**

- даночни обврзници **60.785**
- фискални апарати ставени во функција (вкупно) **81.100**

# ОБРАБОТКА НА ПРИЈАВИ, УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК И ПОСТАПКИ НА НАПЛАТА

***Функцијата утврдување и наплата на данок се извршува со 484 вработени, од коишто во делот на присилна наплата се ангажирани 147 лица.***

Брзината и ефикасноста во постапката на приемот и обработката на податоците од даночните пријави, точноста и навременоста, се предуслов за извршување на функциите: утврдување и наплата на даноците. Основна цел е постигнување на максимална опфатност на даночните обврзници и висок степен на доброволна усогласеност со нивните даночни обврски. За таа цел, во 2008 година се интензивираат процесите за централизирана обработка на даночните пријави во еден центар за сите регионални дирекции. До крајот на годината, во Центарот за обработка на пријави (ЦОП), лоциран во Скопје, се обработуваат сите ДДВ-пријави од сите регионални дирекции и годишните и месечните даночни пријави за данокот на добивка, данокот на вкупен приход и персоналниот данок од плати за Регионалната дирекција Скопје, којашто брои најголем број на даночни обврзници. На овој начин е овозможено реалоцирање на вработените на посуштински активности во процесите на утврдување даноци.

Поднесувањето на даночните пријави за интегрираната наплата на социјалните придонеси и персоналниот данок овозможено е да се извршува по електронски пат или на медиум, што во голема мера ќе ги унапредува процесите на обработка на пријави во УЈП и ќе ги подигне стандардите за работа.

Електронскиот прием на даночни пријави во најголем процент се извршува во Дирекцијата за големи даночни обврзници, каде што е овозможено сите видови на даночни пријави за сите даночни обврзници да се поднесуваат по електронски пат. Можноста е создадена и за малите и средните даночни обврзници, но примената сѐ уште е незначителна. Во 2008 година во ДГДО по електронски пат се примени следните даночни пријави:

- Даночна пријава за ДДВ........................................................... 1.181
- Месечен даночен биланс за данок на добивка ......................... 973
- Месечна пресметка на исплатувач на плати.......................... 1.134
- Годишен даночен биланс за данок на добивка...........................177

Во УЈП вкупно се примени и обработени следните даночни пријави:

- Даночни пријави за ДДВ.....................................................142.736
- Акцизни пријави за минерални масла.....................................231
- Акцизни пријави за алкохол и алкохолни пијалаци.....................32
- Месечен даночен биланс за данок на добивка.......................233.274
- Годишен даночен биланс за данок на добивка*.......................58.628
- Годишен даночен биланс за данок на вкупен приход..................23.566
- Месечна пресметка на исплатувачот на плати.......................536.872
- Годишна даночна пријава за ПДД (граѓани).............................77.014
- Годишен даночен биланс за персонален данок.........................10.270
- Годишен извештај на исплатувачот на приходи.......................38.738
- Аконтативни даночни пријави за
  - приходи од имот и имотни права.............................................6.015
  - приходи од капитални добивки..............................................16.121

* Во бројот на обработени Годишни даночни биланси за данок на добивка се вклучени и пријавите поднесени од страна на обврзниците за годишен данок на вкупен приход коишто беа обврзани да ги доставаат по донесувањето на Одлуката на Уставниот суд на РМ за поништување на одредбите за годишен данок на вкупен приход за примена за 2007 година.

Основен принцип за утврдување на данокот, согласно постоечкото даночно законодавство, е принципот на самопријавување и самоутврдување. Но, во одредени случаи тоа предвидува утврдувањето на данокот да се изврши од страна на УЈП со донесување на даночно решение, а тоа се случаите кога со закон е пропишано да не се спроведува самооданочување, кога и покрај самооданочувањето мора да се донесе даночно решение, кога за даночниот обврзник се утврдува целосно или делумно ослободување од данок, кога неговото барање за утврдување данок е одбиено или кога има отстапување од самооданочувањето на даночниот обврзник. Во 2008 година УЈП има изготвено решенија за утврдување данок за:

**Изготвени решенија за утврден данок**

- Годишен паушално утврден приход.......................................................................1.961
- Годишен приход на физички лица.......................................................................118.396
- Приходи од вршење самостојна дејност................................................................13.703
- Приходи од имот и имотни права.........................................................................7.351
- Припис и отпис.................................................................................................1.327
- Приходи од капитални добивки...........................................................................7.492
- Решенија за наплата на судски такси....................................................................5.941

***Подобрените услуги кон даночните обврзници, транспарентноста на работата на Управата за јавни приходи и медиумската присутност, резултираа со подигнување на свесноста на даночните обврзници за нивната улога во општеството и, воопшто, за нивните обврски и права на полето на оданочувањето.***
***Годината 2008-ма ќе биде запаметена како година на големиот скок во пријавувањето на годишните доходи на граѓаните на Република Македонија, бидејќи се постигнати особени резултати во пријавувањето и утврдувањето на годишниот персонален данок на доход, наспроти резултатите од минатите години. Вкупно 38.738 исплатители на плати ги поднесоа своите Годишни извештаи за извршените исплати на приходи по видови и по приматели. Поднесени се 77.014 даночни пријави од страна на граѓаните со искажан бруто-приход од 41.088.982.213 денари. За граѓаните коишто оствареле доходи од повеќе извори, по доброволно поднесени даночни пријави или по утврдувањата што ги направи УЈП, согласно податоците со коишто располага, изготвени се 118.396 решенија во коишто е утврден бруто-приход остварен во 2007 година од 50.592.411.861 денари и годишна даночна обврска од 4.117.750.152 денари. Утврдено е дека во текот на 2007 година граѓаните аконтативно платиле 3.883.686.241 денари, а за доплата по решенијата се останати 234.063.911 денари.***

| Регионални Дирекции | Решенија | | Вкупно | Вкупно утврден бруто приход во решенија | Ввкупно утврден ПДД во решенија |
|---|---|---|---|---|---|
| | по доброволни пријави | по службени пријави | | | |
| Скопје | 45.536 | 14.458 | 59.994 | 32.824.534.563 | 2.692.184.697 |
| Битола | 7.513 | 11.640 | 19.153 | 7.529.255.977 | 633.764.864 |
| Прилеп | 5.627 | 11.576 | 17.203 | 3.600.978.348 | 275.174.737 |
| Струмица | 4.370 | 2.741 | 7.111 | 1.973.141.340 | 154.635.262 |
| Тетово | 3.442 | 859 | 4.301 | 2.077.924.497 | 165.425.718 |
| Штип | 8.877 | 1.757 | 10.634 | 2.586.577.136 | 196.564.874 |
| **Вкупно** | **75.365** | **43.031** | **118.396** | **50.592.411.861** | **4.117.750.152** |

Во случаите кога отсуствува доброволното плаќање на даноците, се применуваат различни постапки на наплата, согласно состојбата на долгот и можностите на должникот – наплата на даночни долгови со пребивање со повеќе платени други даноци, одложување на извршувањето со обезбедени гаранции, заплена и впаричување на имот и други мерки предвидени со Законот за даночната постапка или привремен отпис на данокот.

УЈП врши идентификација на „заостанатиот“ даночен долг, ги известува даночните обврзници за висината на даночниот долг и ги користи инструментите што се на располагање за негово плаќање, сè со цел да се наплатат долговите, без нарушување на економското постоење на даночниот обврзник.

**Број на извршени постапки на наплата на УЈП**

- **пребивање на повеќе и погрешно платени даноци**

Постапки на пребивање на повеќе платениот данок со даночниот долг......2.391
[пораст 2008/07 за 48,6%]
Постапки за пренасочување на повеќе и погрешно платени даноци......7.163
[намалување 2008/07 за 10%]

- **цесии** - спроведени плаќања со цесии......1.196

[намалување 2008/07 за 18%]

- **репрограм - одложено плаќање**

Спроведени постапки за сите видови даноци......324
[пораст 2008/07 за 75%]

- **привремен отпис на данок**

Постапки во случаи кога наплатата нема да успее или трошоците за наплата не се во сооднос со даночниот долг......758

- **опомени**

Издадени опомени за наплата на долгови на даноци и споредни давачки......22.867
[намалување 2008/07 за 0,2%]
Извршени плаќања по издадени опомени......4.319
[пораст 2008/07 за 233%]

- **присилна наплата**

Постапки на забрана над паричните средства на должникот......6.356
[пораст 2008/07 за 14%]
Постапки на наплата од движни предмети и недвижности......104
[пораст 2008/07 за 86%]
Постапки на наплата од должниците на должникот......72
[намалување 2008/07 за 44%]
Постапки на наплата од лични примања......59
[пораст 2008/07 – во 2007 година има само 2 постапки]

- **наплата на судски такси**

Постапки за наплата на судски такси по барање на судовите......4.791
Постапки за присилна наплата на судски такси по барање на судовите......1.150

Согласно службените евиденции, а по барање на даночните обврзници и други институции, во 2008 година УЈП ги изврши следните активности:

- **Уверенија за платени даноци**......199.251
  - за правни лица......15.072
  - за самостојни вршители на дејност......3.591
  - за физички лица......180.588
- **Заклучоци за неплатени даноци**......2.699
  - за правни лица......2.550
  - за самостојни вршители на дејност......147
  - за физички лица......2
- **Постапки на извршено враќање на повеќе и погрешно платени даноци**......4.807
  [пораст 2008/07 за 495%]
- **Барања за наплата на судски такси**......15.557
  [пораст 2008/07 за 24%]

Во 2008 година, Управата за јавни приходи, согласно овластувањата од Законот за спречување корупција и од Законот за персонален данок на доход, спроведе постапки за дополнително утврдување данок, во случаите кога приходите се делумно или целосно непријавени и неоданочени.

**Посебни постапки за дополнително утврдување данок**

- **Постапка за испитување на имот и имотна состојба** на избран или именуван функционер, како и друго службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице коешто располага со државен капитал
  **Број на започнати постапки....................20**
  **Број на запрени постапки со заклучок....................2**
  **Број на завршени постапки со решение....................5**
  **Број на наплатени постапки по решение....................3**

  **Утврден данок....................10.376.523 денари**

- **Постапка за утврдување на данок кога лице поседува имот или располага со средства поголеми од оданочените приходи на коишто не е утврден данок или не е доволно утврден**
  **Број на започнати постапки....................121**
  **Број на запрени постапки со заклучок....................39**
  **Број на завршени постапки со решание....................74**
  **Број на наплатени постапки по решение....................10+4 делумно**

  **Утврден данок....................953.988.579 денари**

## *ПОСТАПКИ НА НАДВОРЕШНА КОНТРОЛА*

***Функцијата надворешна контрола се извршува со 321 вработен, од коишто 227 лица се даночни инспектори***

Во 2008 година надворешната контрола ги концентрира своите напори во унапредување на методите, техниките и алатките потребни за ризично насочена контрола и извршува интензивна едукација на вработените за нивна примена, но и воведува квалитативни стандарди за мерење на учиноците, што се очекува да донесе поголеми резултати во идните периоди.

ИЗВРШЕНИ КОНТРОЛИ

**извршени контроли во 2008....................17.707**
**извршени контроли во 2007....................19.977**
[намалување 2008/07 за 11%]
**со утврдени незаконитости....................5 446 или 31%**
**без утврдени незаконитости....................12 261 или 69%**

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

**утврдени неправилности во 2008....................3.145.558.161 ден.**
**утврдени неправилности во 2007....................3.696.876.273 ден.**
[намалување 2008/07 за 15%]
**наплатени даноци откриени со инспекциски надзор во 2008....................773.490.231 ден.**
**наплатени даноци откриени со инспекциски надзор во 2007.................... 586.076.380 ден.**
[зголемување 2008/07 за 32%]
**вкупно наплатени јавни давачки од инспекциски надзор во 2008.................... 774.272.920 ден.**
**вкупно наплатени јавни давачки од инспекциски надзор во 2007.................... 588.745.844 ден.**
[зголемување 2008/07 за 31,5%]

Контролите на спроведувањето на фискализацијата и примената на фискалните системи на опрема се еден од методите на контрола на остварените промети и даночните обврски во областите каде што преовладува готовинското плаќање. Тие претставуваат и ефикасен метод за спречување и намалување на постоечката сива економија. Иако во 2008 година се спроведуваат во намален број во однос на 2007 година, тие успешно ја остваруваат својата функција...

**ИЗВРШЕНИ КОНТРОЛИ во делот на ФИСКАЛИЗАЦИЈА**

**Со контролите е констатирано дека даночните обврзници:**

Користат фискален апарат..........3.782
Не користат фискален апарат..........1.213
Не поседуваат фискален апарат..........311

**ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ**

Покани за мандатни казни за правни лица..........1.113
Покани за мандатни казни за физички лица..........808
Покани за мандатни казни за одговорни лица..........361
Поднесени прекршочни пријави..........529
**Затворениделовниобјекти..........1.233**

## *ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ*

***Функцијата правни работи и приговори ја извршуваат 34 вработени.***

Управата за јавни приходи постапува по службена должност по поднесени приговори, а по стапување во сила на Законот за измени и дополнување на Законот за даночна постапка од 27.07.2008 година и по жалби од даночните обврзници. Правните експерти во УЈП против несовесните даночни обврзници поднесуваат барања за поведување на прекршочна постапка и кривични пријави и вршат други правни работи, како што се застапување на УЈП пред судовите и учество во стечајните и управно-сметководствените спорови. Во 2008 година поднесени се 193 кривични пријави, 17.546 барања за поведување на прекршочна постапка и 492 застапувања пред суд.

***Постапки по приговор:***
Во 2008 година, УЈП извршила прием на 1.291 приговор по првостепени решенија и изготвила 957 решенија по приговор. Даночните обврзници извршиле повлекување на 24 приговори. Против решенијата за приговор се поднесени 615 жалби од коишто се решени 303.

**Број на поднесени приговори.......... 1.291**
**Број на решенија по приговори.......... 957**
**Број на поднесени жалби против решенија по приговори.......... 615**
**Број на решени жалби.......... 303**

***Постапки по жалби:***
Во 2008 година до УЈП се доставени 1.077 жалби против решенијата на УЈП. Од нив, 105 се решени во УЈП, а 972 жалби се доставени до Министерството за финансии.

**Број на жалби примени во УЈП.......... 1.077**
**Број на решени жалби во УЈП.......... 105**
**Број на жалби доставени до МФ.......... 972**

***Работиме на остварување на мисијата на УЈП за наплата на даноците и на другите јавни давачки, со цел да обезбедиме функционирање на државата и реализација на сите нејзини програми насочени кон подобрување на општествениот стандард и инфраструктурата, обезбедување на просветниот и културниот подем на младите генерации, обезбедување на еколошки здрава средина за живот и стопанисување, обезбедување на социјалната сигурност на населението, особено на најзагрозените слоеви на населението, мирна и безбедна иднина на сите...***

Со Буџетот на Република Македонија за 2008 година, проектиран е износ на нето-Основен Буџет како дел од Централниот буџет во висина од 89.397.520.000 денари, од кои даночните приходи со кои администрира УЈП беа планирани во износ од 63.377.000.000 денари.

Во јули 2008 година е извршен Ребаланс на Буџетот со којшто нето-Основниот Буџет како дел од Централниот Буџет е проектиран во висина од 98.980.645.000 денари. Една од причините за ревидирањето беше зголемената реализација на сите видови на даночни приходи.

Во првата половина од годината наплатени се даноци со коишто администрираше УЈП во износ од 33.455.726.496 денари, што претставува зголемување на планот од 30.357.000.000 денари за 10,21%. Во тие рамки, остварениот приход кај данокот на добивка во однос на планираниот беше повисок за 61,62%, кај персоналниот данок на доход за 5,70%, кај ДДВ за 5,46% и кај акцизите за 1,16%.

Со ребалансот, даночните приходи што ги администрира УЈП се планирани во износ од 70.198.645.000 денари, односно, планот за висината на даночните приходи се зголеми за 10,76%.

Износите на планираните приходи на секој вид данок се зголемени различно, соодветно на предвидувањата за нивно остварување: значајно зголемување на планот за данокот на добивка за 71,3%, на персоналниот данок на доход за 6,83%, на данокот на додадена вредност за 6,49% и на акцизите од 1,11%.

Трендот на зголемување на планираните и остварените даночни приходи е присутен во сите претходни години. Износите на планираните приходи во секоја одделна година во однос на претходната, во периодот 2003-2008 година се повисоки и тие од 43.986 милиони денари во 2003 година, достигнаа ниво од 70.199 милиони денари во 2008 година. Притоа, интензитетот на пораст во секоја одделна година, во однос на претходната година е различен и тој интензитет е највисок во 2008 година, кога во однос на 2007 година се планира пораст на приходите од 20 проценти. Износот на вкупно остварените даночни приходи во Буџетот на Република Македонија во 2008 година изнесува 67.006 милиони денари и тоа е најголем износ на даночни приходи што досега е евидентиран.

*Во 2008 година остварен е вкупен даночен приход од 67.006.188.224 денари.Овој износ е понизок за:*

*▼4,6% во однос на ребалансираниот Буџет-план од 70.199.000.000 денари и повисок за*

*▲5,73%во однос на првиот Буџет-план за 2008 година од 63.377.000.000 денари и за*

*▲11,1% во однос на остварениот во 2007 година во износ од 60.333.226.455 денари*



***Во структурата на даноците, како и во изминатите години, најзначаен е придонесот на даноците на потрошувачката – данокот на додадена вредност и акцизите.***

| | |
|---|---|
| *Данок на додадена вредност* | *53,99%* |
| *Акцизи* | *20,23%* |
| *Персонален данок на доход* | *12,98%* |
| *Данок на добивка* | *12,80%* |




***Разместеноста на даночните приходи согласно организациската структура на УЈП и местото на нивното остварување е:***

*Дирекција за големи даночни обврзници....................................................36%*
*РД Скопје.......................................................30%*
*Одделение за акцизи..................................20%*
*РД Битола.................................................... 4%*
*РД Штип.......................................................3%*
*РД Тетово.....................................................3%*
*РД Прилеп....................................................2%*
*РД Струмица................................................2%*




***Основната мисија на УЈП, да го поддржува и зајакнува доброволното пријавување и плаќање на даноците од страна на даночните обврзници без нејзини интервенции, во голема мера е исполнета во 2008 година, што се гледа од структурата на наплатата на вкупните даноци. Ваквите остварувања се резултат на новите стратегии за наплата на даноците, активностите произлезени од стратегијата за услуги на даночните обврзници и зголемената транспарентност и јавност на работата на УЈП.***

| СТРУКТУРА НА НАПЛАТА | во денари | |
|---|---|---|
| **Вкупно наплатени нето - даночни приходи** | **67.006.188.225** | **100,00%** |
| Доброволно плаќање | 61.359.139.311 | 91,57% |
| Приход од инспекциски надзор 75% | 580.104.359 | 0,87% |
| Наплата на ПДД по решенија на УЈП | 760.734.463 | 1,13% |
| Наплата со пребивање и пренасочување | 919.807.916 | 1,37% |
| Наплата со Цесии | 127.976.844 | 0,19% |
| Наплата со одложено плаќање | 97.892.638 | 0,15% |
| Наплата по опомени | 1.281.675.000 | 1,91% |
| Присилна наплата | 1.734.675.000 | 2,59% |
| Наплата по Посебни постапки | 144.182.695 | 0,22% |
| | | |
| Приход од инспекциски надзор 25% за УЈП | 193.368.634 | |
| Доброволно плаќање за други корисници | 897.353.855 | |
| **Вкупно наплатени бруто - даночни приходи** | **68.096.910.713** | |

Наплатата на данокот на добивка во 2008 година остварува најголем пораст во однос на своите достигнувањата од минатите години, но и во однос на движењата кај другите видови даноци. Таа е резултат на позитивните движења на сите параметри што ја одредуваат основата за оданочување и бројот на даночните обврзници во 2007 година. Во Даночните биланси за 2007 година е искажано:

- Зголемување на остварената добивка од работењето за 74,5% и пад на искажаните загуби за 28,4% во однос на 2006 година.
- Даночните олеснувања што се применуваат како намалувања на даночната основа покажуваат намалување за 83,3% во однос на 2006 година.
- Зголемување на даночната основа за 78,9%, што предизвика пораст на данокот и покрај примената на намалената даночна стапка од 12% во однос на 2006 година кога се применуваше стапка од 15%.

*Во 2008 година е остварен вкупен приход од данокот на добивка во износ од 8.579.019.887 денари и тој е повисок за:*

*▲ 63,29% во однос на првиот буџетски план од 5.254.000.000 денари*

*▲ 45,5% во однос на оствареniot во 2007 година во износ од 5.896.448.147 денари и*

*▼ и понизок за 4,7% во однос на ребалансираниот буџетски план од 9.000.000.000 денари*




***Во 2008 година во секој одделен месец се наплатени повисоки приходи во однос на истиот месец од претходните години.***




***Наплатениот данок на добивка ја има следната структура по видови:***

| НАПЛАТЕН ДАНОК НА ДОБИВКА | 8.579.019.887 | 100% |
|---|---|---|
| | | |
| Месечните аконтации на ДД | 5.241.509.438 | 61,10% |
| Доплата по ДБ за 2007 година | 2.245.147.382 | 26,17% |
| Задржан данок на странски правни лица | 915.130.416 | 10,67% |
| Годишен данок на вкупен приход | 94.427.274 | 1,10% |
| Камати | 82.805.378 | 0,96% |

